Република Македонија
Министерство за финансии

[redacted]

Бр.08- 3091/1
Скопје, 06-06-2017 година
Министерство за финансии
Даме Груев бр.12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3255 523
Факс:++ 389 2 3255 721
Веб страна: www.finance.gov.mk

ДО: Министерство за труд и социјална политика

Предмет: Барање податоци

Почитувани,

За потребите на Министерството за финансии потребно е да доставите податоци за неизмирени и превземени обврски за установи од областа на детска и социјална заштита на локално ниво во формат кој е во прилог на овој допис.

Министерство за труд и социјална политика потребно е табеларните прегледи да ги дистрибуира и пополнети да ги собере од сите установи од областа на детска и социјална заштита на локално ниво. До Министерство за финансии треба да се достави збирен преглед на ниво на општина (за сите установи за соодветната општина). Податоците за неизмирени и превземени обврски треба да се однесуваат само за сметка 930- Расходи финансирани од дотации.

Потребните збирни податоци треба да се достават во електронска и писмена, потпишана форма (од раководителот на субјектот) најдоцна до 27.06.2017 година, при што од исклучителна важност е истите да бидат прикажани со висок процент на прецизност и точност.

Табеларниот збирен образец (excel file) за пополнување, кој треба да се достави до Министерството за финансии е поставен на web страната на Министерството за финансии, во делот Јавни финансии- Буџет- Документи- Други документи.

Министерство за труд и социјална политика потребно е до Министерството за финансии да достави 63 збирни табеларни прегледи за секоја општина поодделно.

Електронските фајлови треба да бидат доставени до следниве e-mail адреси:
anica.ivanoska@finance.gov.mk
tanja.kostovska@finance.gov.mk
maja.argirovska@finance.gov.mk.

Благодариме на соработката

Министер за финансии
д-р Драган Тевдовски

Република Македонија Министерство за финансии IV Скопје